# НЕ РУСАЈ, ПРУСАЈ




*Не русај, прусај,*
*пред мене, мори лепа,*
*не ми го гори срцето!*
*Стига е само горено, мори лепа,*
*горено, пепел сторено.*

*Лапка ќе фрла по тебе. мори лепа,*
*да се завртиш да видиш*
*да ти го вида лицето, мори лепа,*
*лицето бело, црвено.*

*Да ти го пиша на тефтера, мори лепа,*
*кога ќе ода на аскер,*
*Ко ќе ми текни за тебе, мори лепа,*
*да го отвора тефтеро.*

*Да ти го вида лицето, мори лепа,*
*лицето бело, црвено,*
*Да ми помине мерако, мори лепа,*
*мерако голем по тебе!*

Ѓорѓи Доневски. Сокол ми лета високо. Скопје, 1978